25410

ВЕЧЕР ☆ 21 август 1979 година

РАЗГОВОР СО ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ЈАГОДА БУИЌ

# ТАПИСЕРИИ ВО ПРОСТОРОТ

**● ВЕЧЕРВА, ВО 19 ЧАСОТ, ВО МСУ ВО СКОПЈЕ ЈАГОДА БУИЌ СЕ ПРЕТСТАВУВА СО САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ТАПИСЕРИИ**



УМЕТНИЦА СО СВЕТСКО РЕНОМЕ: ЈАГОДА БУИЌ

Вечерва, во 19 часот, во изложбените простории на Музејот на современата уметност во Скопје, ќе биде отворена самостојна изложба на таписерии на Јагода Буиќ, современа југословенска ликовна уметница со светско реноме.

На својот прв самостоен настап во главниот град на нашава Република таа ќе се претстави со триесет композиции-тапесерии, работени во последните десет години. Со оваа иста изложба Јагода Буиќ претходно се претстави и пред љубителите на ликовната уметност во Љубљана и Загреб.

Вчера во просториите на Музејот на современата уметност во Скопје со Јагода Буиќ поведовме краток разговор и се интересиравме за доминантните тематски преокупации на нејзините творби и за нејзиниот настап во Скопје.

— Посебно сакам да нагласам, **ни рече Јагода Буиќ,** дека во средиштето на мојата композиција-тапесерија секогаш се наоѓа човекот околу кого штедро се развиваат формите остварувајќи притоа заемна тактична реалност преку разнообразноста на својата структура, на својот релјеф, на своите јазли, при што настанува онаа незаменлива комуникација и амбиеталната услужност на човекот, просторот, светлината и материјата. Во областа на тапесеријата, јас ѝ припаѓам на таканаречената аванганрдна тапесерија. Во 1967 година презентирав тапесерии во просторот и тоа тогаш беше означено како своевиден и првичен ликовен настан.

На таа моја изложба, тапесериите го напуштија ѕидот и „зачекорија“ во просторот во потрага по својата трета димензија, трудејќи се таа да не прерасне во скулптура или во слика туку да опстојува како посебна ликовна дисциплина заснована врз флексибилноста на материјалот и врз неисцрпните можности во структурата на ткаењето.

**— Годинава, продолжи Јагода Буиќ, самостојно излагав во Париз, Љубљана и Загреб. Чувствувам посебно задоволство што еве сега самостојно настапувам и во Скопје. Како ликовен уметник посебно сум поврзана со текстилната македонска традиција што мошне позитивно влијаеше врз моето творештво, и, се разбира, тука не мислам на фолклорот, ами пред сѐ на најавтохтониот текстилен израз што во Македонија остана докрај чист.**

**— Над што работите сега?**

**— Се подготвувам за јубилејното петнаесетто меѓународно биенале во Сао Паоло што ќе биде отворено во почетокот на октомври годинава и на кое ќе излагаат исклучиво досегашните добитници на признанието „Гран при“ што се доделува на ова Биенале. Тоа** за мене претставува голем настан зашто моите творби во Сао Паоло ќе бидат изложени заедно со творбите на најпознатите современи ликовни уметници во светот. До крајот на оваа година самостојно ќе излагам и во Осло (крајот на октомври), Штокхолм (ноември) и во Лунд (Шведска) во почетокот на 1980 година. Исто така, моментно работам и над изработката на целокупниот декор на новиот стадион во Сплит што ми е доверен мене за претстојните Медитерански игри.

**Јагода Буиќ досега самостојно има излагано во најпознатите музеи и галерии во Сплит, Дубровник, Белград, Нови Сад, Љубљана, Загреб, Ниш, Суботица како и во Венеција, Буенос Аирес, Сао Паоло, Лозана, Единбург, Париз, Рио де Жанеиро, Дизелдорф и во други ликовни центри во земјата и странство, а нејзини творби се наоѓаат во најпознатите галерии и музеи на модерната уметност во светот. Добитник е и на повеќе меѓународни признанија и награди за осведочени и врвни остварувања во областа на тапесеријата.**

**Т. Ширилов**

 5020